Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел од дневни настани 19.01.2021

На 18.01.2021, врз основа на судска наредба, полициски службеници од Полициската станица Кичево извршиле претрес во домот на Е.Д.(42) од Кичево, во кој била затекната С.Ш.(60) од Швајцарија При претресот биле пронајдени и одземени прашкаста материја и предмети со остатоци од прашкаста материја. Тие биле лишени од слобода и приведени во полициска станица, а по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 18.01.2021 во 20.15 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.С.(37) од Скопје, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.01.2021 во 20.20 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода В.Ј.(23) од Скопје, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.01.2021 во 19.00 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода М.И.(34) од Куманово, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.01.2021 во 13.20 часот во маркет во с.Марино, скопско, полициски службеници го лишиле од слобода З.П.(60) од с.Миладиновци, скопско, затоа што бил затекнат при извршување кражба во маркетот. Кај него биле пронајдени украдените предмети и биле вратени на сопственикот. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.01.2021 околу 01.00 на Граничен премин Табановце, од слобода била лишена Т.П.(20) од Република Хрватска, затоа што при извршена контрола било констатирано дека незаконски престојува во Република Северна Македонија. Таа била предадена на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 16.01.2021 околу 17.30 часот на бул.„Гоце Делчев‟ во Гостивар, полициски службеници од Полициската станица Гостивар го привеле Р.Т.(51) од САД, кој немал документи за идентификација. Тој бил спроведен во Центарот за странци во Гази Баба во Скопје, а по преземени мерки било утврдено дека лицето лажно се претставило и дека станува збор за Р.Б.(53) од Охрид. На 17.01.2021, тој бил спроведен во СВР Охрид и со него бил извршен разговор, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.01.2021 во 10.40 часот во Полициската станица Карпош, А.В.(63) од Скопје пријавил дека на бул.„Митрополит Теодосиј Гологанов‟ бил каснат од куче скитник.

На 18.01.2021 во 20.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Ѓурчин Кокале‟, во Скопје, патничко возило „мерцедес‟, со скопски регистарски ознаки, управувано од М.С.(35) од Скопје, удрило во неколку паркирани патнички возила - „фиат пунто‟ со скопски регистарски ознаки, сопственост на К.Ј.(33), „бмв‟ со скопски регистарски ознаки, сопственост на В.Н.(28), „шевролет авео‟ со скопски регистарски ознаки, сопственост на Л.И.(63) и „опел астра‟ со скопски регистарски ознаки, сопственост на И.И.(32), сите од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила М.С., констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза‟ Скопје. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 18.01.2021 во 22.00 часот во Полициското одделение Жеровјане, С.А.(69) од тетовското село Милетино пријавил дека во с.Милетино бил каснат од куче скитник.

На 19.01.2021 во 07.00 часот на влезот во с.Говрлево, општина Сопиште, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода Џ.Ш.(36) од с.Елово, општина Студеничани, поради тоа што во патничко возило „даеву нексиа‟ превезувал огревно дрво без документација. Возилото и дрвата му биле одземени, а тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Штип поднесе кривична пријава против С.С.(35) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори‟. На 09.06.2020, додека пријавениот бил на издржување казна затвор во Казнено-поправната установа Штип, со едно лице договорил набавка на марихуана и таблетки „бупренорфин‟ и организирал внесување во пакет наменет за друго лице. При преглед на пакетот дрогата и таблетите биле пронајдени и одземени.

На 18.01.2021 околу 19.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во куќа на ул.„Вашингтонска‟, сопственост на М.А.(46). Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид извршен.

На 18.01.2021 во 10.30 часот во ОВР Прилеп, И.С.(44) од Прилеп пријавил дека бил измамен К.Б. од Прилеп. Според пријавеното, во март 2020 година тие се договориле К.Б. да изведува занаетчиски работи во зграда во изградба во Прилеп, инвестиција на И.С., а како аванс за И.С. да му даде веспа на К.Б.. Како што е пријавено, И.С. му ја дал веспата и од тој момент до пријавувањето К.Б. не ја завршил договорената работа и не ја вратил веспата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.01.2021 во 15.00 часот во ОВР Кавадарци, О.Ѓ.(38) од Росоман пријавил дека околу 13.00 часот ул.„Западен булевар‟ во Кавадарци, поради недоразбирање во сообраќајот, едно лице му се заканувало и се обидело да го повреди со остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.01.2021 во 11.30 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека во изминатиот период од месец и пол, непознат сторител со употреба на сила влегол во кругот германските гробишта на ул.„Пенка Котеска‟ и оштетил клупа и спомен плоча. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Х.Ф.(41) од с.Горно Строгомиште, кичевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори‟. На 31.01.2020 во Прилеп, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

На 19.01.2021 во 01.00 часот во СВР Битола, Ѓ.О.(26) од Битола пријавил дека на ул. „Илинденска‟ во Битола три лица физички го нападнале и му одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.01.2021 во 15.30 часот во Полициската станица Битола, М.П. од Битола пријавил дека непознат сторител од неговото возило „фолксваген голф‟ одзел ранец и лични предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против И.М.(26) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори‟. На 09.06.2020 во Охрид, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот и патничко возило во кое бил, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 18.01.2021 во 23.30 часот во СВР Велес, 38-годишна жена од Велес пријавила дека околу 23.00 часот, додека се движела кај место викано „Жолта ограда‟, едно лице се обидело да изврши обљуба. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.01.2021 во 16.45 во СВР Скопје било пријавено дека во сопствениот дом бил пронајден починат П.С.(62) од Скопје. По наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција во Институтот за судска медицина. Увид извршен.

На 18.01.2021 околу 20.30 часот во СВР Скопје, Ц.М.(37) од с.Брњарци, скопско, пријавил дека предното ветробранско стакло од неговото патничко возило „фиат хрома‟ било оштетено од залутано зрно од огнено оружје, кое го пронашол до возилото. Полициски службеници излегле на местото и зрното било подигнато за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.01.2021 во 01.10 часот во Полициската станица Тетово, Р.Р.(50) од Тетово пријавил дека на ул.„Ѓоце Стојчевски‟ бил каснат од куче скитник.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет